АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474, телефон: 3111-387

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката
бр. 03-2207/1
16-04-2026
СКОПЈЕ

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, ("Службен весник на РМ" бр. 106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18, "Службен весник на РСМ" бр.101/19, бр.275/19, бр.122/21 и бр.193/25) и Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице за преземање на опрема за електронски отпад бр.02-1780/13 од 30.03.2026 година, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

## I.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движните ствари – компјутерска и друга опрема за електронски отпад кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви.

## II.ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и истите се наоѓаат на адреса на Акционерското друштво во Скопје на ул.,,Орце Николов,, бр.138. Движните ствари кои се предмет на јавниот повик детално се опишани во Прилог – Листа на компјутерска и друга опрема за електронски отпад, со назив/опис на движната ствар, количина и локација на која истите се наоѓаат. Избраното правно лице има обврска да изврши превземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација адреса на Акционерското друштво во Скопје на ул.,,Орце Николов,, бр.138 и истите да ги селектира и транспортира како отпад на соодветен начин, во согласност со законските прописи.
Јавниот повик е неделив.

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474, телефон: 3111-387

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице е преземање на движните ствари предмет на јавниот повик во најкраток можен рок, без надомест. Доколку повеќе правни лица понудат преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, без надомест за ист рок, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество во Архивата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр.138.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје ќе изврши избор на тоа правно лице доколку доставило прифатлива понуда, односно доколку ги исполнува законските услови и ги поседува потребните дозволи.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста предмет на јавниот повик, односно кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

- Способност за вршење на професионална дејност:

- документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба (не постара од 6 месеци);
- Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (отпад од дрво, метал, пластика и електричен/електронски отпад), издадена од надлежен орган;

- Техничка и професионална способност:

- Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик.
- Изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик и
- Изјава дека по преземањето на компјутерска и друга опрема за електронски отпад, дека истите ке бидат соодветно уништени и рециклирани во согласност со законските прописи.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и документите за техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака "Верно на оригиналот" на секоја прилог страница.

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот или доколку не го потпише во рок од 5 (пет) дена откако договорот е доставен до него на адреса наведена во пријавата за учество по јавниот повик, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава со прифатлива понуда за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

**V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА**

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 08:00 до 15:30 часот во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.
Лице за контакт во врска со јавниот повик е: Дане Велинов, електронска адреса: dane.velinov@adsdp.mk.

**VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО**

Краен рок за доставување на пријава за учество е **30.04.2026 година до 15:30 часот**.
Пријавите се поднесуваат:
- по пошта или директно во архивата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје на следнава адреса: ул.Орце Николов бр.138.

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен коверт.

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот коверт за правните лица кои ке поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во архивата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

„Не отворај"

За јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.
Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје
ул.Орце Николов бр.138
1000 Скопје

**VII. СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР**

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје по истекот на 3 (три) дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање на отпад, ќе достави Известување за избор на правно лице до сите учесници кои учествувале на јавниот повик.
Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје ќе склучи договор со правното лице кое ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474, телефон: 3111-387

**VIII. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Правното лице со кое Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од локацијата наведена во Прилог –Листа на опрема за електронски отпад и истите да ги транспортира на соодветен начин, согласно законските прописи.

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Акционерското друштво за изградба и
стопанисување со станбен простор и
со деловен простор од значење за
Републиката-Скопје